**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**Општинско основно училиште „Гоце Делчев“**

**с.Љубанци-Бутел**

**за период од 2020 до 2024 год**



Скопје, јули 2020

## Преамбула

Според Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“,  бр. 161/19), член 49 став 1, 2 и според Правилникот за формата и содоржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (бр.18-6579/1 донесен од страна на Министерот за образование и наука на 06.07.2020 година)  член 1, 2, 3, 4 и 5, Општинското основно училиште „Гоце Делчев“, с. Љубанци изготви Развојна програма за работа на основното училиште за период од 2020-2024 година.

**Содржина**

**Вовед**

**1. Податоци  за основното училиште**

1.1  Идентификациони податоци за училиштето

1.2. Историјат на основното училиште

1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта

**2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште**

2.1. Број на вработени и стручен профил ( човечки ресурси) и стручна подготовка

2.2. Работен стаж на вработените

2.3. Простор

2.4. Опрема и наставни средства

2.5. Материјално- финансиско работење на училиште

**3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма**

**4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години**

4.1. Самоевалуација на основното училиште ( интерна)

4.2.Интегрална евалуација на основното училиште ( екстерна)

**5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште ( SWOT анализа)**

**6. Мисија и визија на основното училиште**

**7. Стратешки цели и прироитетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период**

**8. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите**

**Вовед**

Развојната програма е значаен документ за работа на училиштето. Во овој документ се опфатени податоци за основното училиште, постоечки ресурси со кое располага училиштето, наставен план и програма, евалуација на работата на училиштето во претходните четири години, фактори кои влијаат на развојот на училиштето, мисија и визија, стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на училиштето во четиригодишниот период и соработка на училиштето со родителите/старателите.

Целта на развојната програма е, да даде општа слика и постигнати резултати за училиштето во период од четири години. Исто така, оваа програма има за цел добро програмирани и поставени задачи, форми, методи и рокови за успешна реализација на целите, како и да се следат, анализираат и проучуваат одредени проблеми кои ќе се појават во текот на работењето.

Развојната програма за работа на училиштето се базира на : Самоевалуација на ООУ„Гоце Делчев“, с.Љубанци за периодот од 2018-2020, Годишен извештај за работата и постигнувањата на ООУ „Гоце Делчев“, с.Љубанци, јуни-2019, Извештај од извршена интегрална евалуација во ООУ „Гоце Делчев“, с.Љубанци-општина Бутел-септември/октомври 2019 година, Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“, с.Љубанци за учебната 2020/21 година.

Работењето на училиштето се заснова врз Закон за основно образование, Закон за наставници и стручни соработници, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други законски, подзаконски интерни акти, Стратегија за образование 2018-2025, наставни планови и програми годишни програми за работа и извештаи и сл.

## 1. Податоци за основното училиште

1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Гоце Делчев“ |
| Адреса | Ул.7.бр.90 |
| Телефон | 022661-250 |
| Место, општина | С.Љубанци |
| Веб-страница | https://oougocedelcevljubanci.edu.mk/ |
| Е-маил | gocedelcev_ljubanci@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 4 Мај |
| Внатрешна површина на училиштето ( m2) | 1231.7 m2 |
| Училишен двор ( m2) | 1248 m2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето ( максимален | 300 |

| | |
|---|---|
| број на ученици) | |
| Број на ученици ( моментална состојба) | 120 |
| Број на паралелки | 9 |
| Јазик / јазици на кој/ кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | Во склоп на нашето училиште работи и Дом во кој престојуваат ученици од социјално загрозени семејства,згрижени преку МЦСР на град Скопје |

### 1.2. Историјат на основното училиште

Општинското основно училиште „Гоце Делчев“ е лоцирано во село Љубанци, општина Бутел, поточно на 16 км оддалеченост од центарот на град Скопје. Ова училиште се вбројува во едно од најстарите училишта во Северна Република Македонија. Првиот час е одржан уште во далечната 1866 година. Во историјата на своето постоење училиштето било централно и ги опфаќало сите соседни училишта. Денес според бројот на паралелки и ученици се вбројува во групата на мали училишта. Наставата се изведува во зграда која датира уште од 1924 година, но по својот изглед и состојба во која што се наоѓа може да се спореди и со понови и посочувани училишни згради. Ова училиште покрај ученици од село Љубанци опфаќа и ученици од соседното село Љуботен кои посетуваат настава на македонски јазик. Во рамките на училиштето има и дом кој е единствен од овој тип и во кој се сместени ученици од територијата на град Скопје. Малиот број на ученици е причина поради која и оваа учебна година училиштето ќе започне со работа по добиената согласност од Министерството за образование и наука за формирање на паралелки со помал број на ученици.

Во прилог на заложбите на училиштето за квалитетно образование и законските обврски, беше извршена СЕУ, како резултат на која е создадена оваа Развојна програм на училиштето за периодот од четири учебни години, 2020 - 2024 година.

### 1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

Ученичките натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите целат кон развивање на натпреварувачкиот дух, проширување и збогатување на знаењата, развивање и негување на другарството, остварување контакти со учениците од други средини итн. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.
Токму во таа насока и за таа цел нашето училиште учествува на :
-училишни натпревари;

-општински натпревари;
-регионални натпревари;
-државни натпревари;

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организира, во кој период од учебната година, кој ученик може да учествува во натпреварот. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари. Учениците од училиштето, оркестарот ќе учествуваат на општински и државни културно-уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот.

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата.

Во нашето училиште се рализират следните проекти:

- Образование за животни вештини
- Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем преку интегрирани содржини во наставата.
- Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, подржано од МЦГО преку интегрирани содржини во наставата и активности поттикнати од МЦГО, МИО и МИМО.

Во состав на ООУ „Гоце Делчев“, с. Љубанци функционира ученички дом во кој преку Центарот за социјални работи на град Скопје, се сместени ученици кои подлежат на задолжително основно образование, а имаат потреба од таков вид на сместување. Учениците од домот ќе посетуваат редовна настава со останатите ученици во основното училиште. По завршувањето на редовната настава со учениците работат воспитувачи кои ќе реализираат воспитно-образовни, забавни и спортско-рекреативни активности однапред испланирани преку годишни, месечни и неделни планирања.

Нашето училиште секоја година традиционално зема учество во манифестацијата „Сурати“, која се одржува по повод празникот Прочка.

Во нашето училиште секоја година се одржува ликовната колонија „Љубанци“, на која земаат учество учениците од сите училишта на општина Бутел.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

2.1. Број на вработени и стручен профил ( човечки ресурси) и стручна подготовка

| **Стручен профил** | **Број на извршители** | | **Стручна подготовка** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставен кадар | Одделенска настава | 5 | 5 | VII | | | | |
| | Предметна настава | 13 | 12 | VII | 1 | VI | | |
| Раководен кадар | 1 | | 1 | VII | | | | |
| Стручни соработници | 2 | | 2 | VII | | | | |
| Административни | 1 | | 1 | IV | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| службеници | | | | | | | |
| Помошен и технички кадар | 4 | 2 | IV | 2 | основно | | |

### 2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на врзботени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени административни службеници | Број на вработен техничи персонал | Број на вработен раководен кадар | Број на вработени воспитувачи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 2 | 3 | 2 | / | 3 | / | 1 |
| Од 10 до 20 години | 1 | 6 | / | / | / | / | / |
| Од 20 до 30 години | / | 4 | / | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Повеќе од 30 години | 2 | / | / | 1 | 1 | / | / |
| Вкупно | 5 | 13 | 2 | 4 | 4 | 1 | 2 |

### 2.3. Простор

| Простор | Вкупен број | Површина ($m^2$) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забепешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 10 | 306.50 $m^2$ | 4 | Поставување водоводна инсталација |
| Кабинети | 1 | 42,30 $m^2$ | 4 | |
| Библиотека | 1 | 15 $m^2$ | 3 | Недоволен фонд на лектири |
| Медиотека | 1 | 22 $m^2$ | 3 | Недостаток техничка опрема |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | 1 | 352 $m^2$ | 4 | Спортски реквизити |
| Канцеларии | 5 | 66 $m^2$ | 4 | |
| Училиштен двор | 1 | 1248 $m^2$ | 3 | Хортикултурно уредување и опремување |
| Заеднички | 1 | 33 $m^2$ | 4 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| простор за прослави | | | | |
| Кујна | 1 | 26,20 $m^2$ | 4 | / |
| Трпезарија | 1 | 50,60 $m^2$ | 4 | / |
| Друго | | | | |

### 2.4 Опрема и наставни сретства согласно„Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

| Наставен предмет(одделенска и предметна настава ) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Одделенска настава и предметна настава | Компјутери 14<br>Монитори 85 | |
| | Лаптоп 4 | Лаптопи |
| | Пластификатор 1 | Смарт табли |
| | Машин за укоричување 3 | камери |
| | Касетофон 4 | Подвижна табла со квадратчиња |
| | Печатач/фотокопир 2 | Зелена табла |
| | Синтисајзер 1 | конуси |
| | ЛЦД проектор 2 | лектири |
| | Смарт табла 4 | Меморија карти |
| | Топки за фудбал 1 | Домино карти |
| | Топка за одбојка 1 | |
| | Топка за ракомет 1 | |
| | Географска карта на Австралија 1 | |
| | Душеци 17 | |
| | Лектири 8.957 | |
| | Шестар –пластичен 1 | |
| | Микроскоп 1 | |
| | Триаголници древени 3 | |
| | Шестар дрвен 2 | |
| | Семафор 1 | |
| | Манометар 1 | |
| | Географска карта Африка 1 | |
| | Модел на уво на човек 1 | |
| | Модел на око на човек 1 | |
| | Модел на човек 1 | |
| | Триаголник дрвен 1 | |

### 2.5. Материјално-финансиско работење на училиште

Материјално-финансиско работење на училиштето се искажува преку две сметки со кои располага училиштето и тоа:

- 7760104421 903 19 општинска сметка -блок дотации
- 7760104421 787 14 сопствени приходи-самофинансирачки активности

Средствата од  наведените сметки се користат наменски според одобрен план, за финансирање од страна на основачот –Општина Бутел кој се доставува во тековната година за наредната година.

Предлог -финансовиот план за 2021 година за двете сметки го разгледува Училишниот одбор и истиот го предлага во октомври 2020 година, а го усвојува Советот на Општината.

Извештајот за завршните сметки ги разгледува Училишниот одбор во февруари 2021 година за 2020 година и  училиштето ги  доставува до надлежните институции .

Средствата од сопствените приходи се користат за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на целокупните  услови за работа на училиштето.

**Раководење со финансиските ресурси**

- Изнаоѓање на дополнителни финансиски средства за училиштето
- Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет за училиштето
- Во текот на целата учебна година користење на буџетот за подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина
- Информирање на органите и телата за трошењето на финансиските средства
- Обезбедување на услови за транспарентно усвојување на завршната сметка
- Следење континуирано на законитоста на финансиското работење

**Раководење со материјалните ресурси**

- Проценување на потребите и утврдување на приоритетите
- Обезбедување на наставни средства и помагала согласно потребите
- Навремено обезбедување со потребните средства за одвивање на секојдневната работа и грижа за нивното рационално користење

## 3. Подрачје на работа на основното училиште- наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа

Во ООУ „Гоце Делчев“, с. Љубанци – Бутел, Скопје воспитно образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои на предлог на Бирото за развој на образованието, ги утврдува министерот за образование и наука. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр. 10-2273/3 од 12.06.1995 година издадено од Министерството за образование и наука и утврдено е дека училиштето ги исполнува условите за вршење на воспитно-образовната дејност за деветгодишно основно воспитание и образование.

. Воспитно образовната работа во училиштето се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Наставниот план содржи задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава, како и часови за одделенската заедница. Со наставниот план се

определува годишниот и неделниот број на часови за наставата одделно по задолжителните и изборните предмети, нивниот редослед по одделенија, бројот на неделните часови за дополнителна настава, часовите за додатна настава и часот за одделенската заедница. Со наставните програми се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата, оценувањето и постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар. Со наставните програми се определува задолжително користење на информациско-комуникациските технологии во училиштето за реализација на воспитни-образовна работа.

Согласно Законот за основно образование член 40 став 1, 2 и 3 училиштето е обврзано да овозможи опфат на учениците од прво до трето одделение еден час пред и еден час по редовната настава. Поради комплексните задачи, цели, содржини и облици на работа во училиштето тоа има потреба од програмирање и планирање на содржината на работата за прифаќање на учениците пред и по наставата. На тој начин ќе се истакне изборот на активностите кои ќе се реализираат, со какви средства, методи и облици на работа.

Прифаќањето на учениците еден час пред и по наставата не е продолжен дел од наставата но, според содржините на активностите во одреден дел е поврзан со наставата и содржините за работа. Прифаќањето на учениците овозможува забава, дружење, стекнување на вештини и одредени навики. Па затоа поради овој збир на најразлични активности што се реализираат, важно е да се истакне дека прифаќањето на учениците има педагошки, психолошки и социолошки караттктер.

Од истата причина самото планирање на содржините налага на распределување на ативностите според видот, пред се на:

- Работа со учениците:
- Соработка со родителите
- Соработка со наставниците
- Соработка со Директорот и психологот.

Во училиштето моменталниот број на ученици е 121, кој не се менува драстично во овие 4 години, осипувањето на учениците е незначително и се должи на промена на местото на живеење.

| **Учебна година** | **Број на ученици** |
|---|---|
| 2016/17 | 126 |
| 2017/18 | 124 |
| 2018/19 | 122 |
| 2019/20 | 122 |

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

4.1.Самоевалуација на основното училиште

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Јаки страни<br>• Наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми<br>• Добра соработка на стручните тела и органи<br>• За учениците со ПОП се изготвуваат посебни програми прилагодени за секој ученик.<br>• Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои воннаставни активности ќе учествува<br>• Почитување на учениците со различни способности и различни пречки во развој и вклучување на истите во воннаставните активности;<br>• Зголемен број на учества на натпревари, манифестации во однос од предходните учебни години;<br>• Воспоставена добра клима на почит и соработка меѓу наставник, родител и ученик<br>• Ограден училишен двор со пристапна рампа за ученици со физички хендикеп.<br>Слаби страни<br>• Постојните наставни средства и технички помагала во целост не ги задоволуваат потребите за реализација на наставата, и покрај тоа што секоја година се обновуваат според можностите<br>• Немање библиотекар за уредно и електронско водење на книжниот фонд по лектирни изданија и наслови.<br>• Инвентарот во тоалетите не е соодветен на потребите за учениците со физичка попреченост што ќе биде достапен за нивна употреба.<br>Приоритети<br>• Да се набават наставни средства и технички помагала за потребите за реализација на наставата<br>• Училиштето и покрај тоа што нема библиотекар, уредно и електронски да го води книжниот фонд по лектирни изданија и наслови.<br>• Да се отпочне со активности за набавка на инвентар соодветен и да се приспособи |

| | |
|---|---|
| | тоалет за учениците со физичка попреченост. |
| Постигнувања на учениците | Јаки страни<br>• Наставниот кадар вложува напори и нуди соработка за да ги подобри постигнувањата на учениците. Учениците постојано се ангажирани во изработка на проекти, ѕидни весници и постери, потоа подготовки за училишни, општински, регионални и државни натпревари, училишни кросеви итн. во кои ќе земат учество ученици од двата пола со различен општ успех, со различен социјален статус и со различни желби, интереси и таленти.<br>• Наставниците се стремат постигнувањата на учениците да ги наградуваат, за да ги стимулираат самите ученици да постигнат уште поголеми резултати во рамките на своите можности.<br>• Паралелките во нашето училиште се помали ( 10- 17 ученика), што е многу важен предуслов за континуирано следење на работата на секој ученик поединечно како и паралелката во целост за да се постигне крајната цел- поголем напредок и подобри резултати.<br>• Нашето училиште остварува соработка со Советот за безбедност во сообраќајот кој ни помага во градењето на сообраќајната култура<br>• Осипувањето на учениците е незначително и вонглавно се должи на префрлање во друга образовна институција поблиску до местото на живеење.<br>• Образовниот процес го завршуваат 98-99% од запишаните ученици ( повторувањето на учениците е незначително).<br>Слаби страни<br>• Немање услови за кабинетска настава.<br>• Недоволната ангажираност на Советот на родители и локалната власт за изнаоѓање на финансиски средства за покривање на трошоците за учество во натпревари и вонннаставни активности.<br>• Недоволно обучен наставен кадар за работа на ученици со посебни образовни потреби и надарени ученици.<br>Приоритети<br>• Дополнителни обуки на наставници кои имаат потреба од нив.<br>• Изработка на нагледни средства.<br>• Подобрување и интензивирање на соработката со Советот на родители во насока на |

| | |
|---|---|
| | обезбедување на негова подршка во сите сегменти на образовниот процес |
| Учење и настава | Јаки страни<br>• Квалитетно изработени планирања од страна на наставниците и следење на истите од страна на училиштето;<br>• Примена на активна настава и различни форми и техники на следење и подучување;<br>• Подеднакво третирање во учениците во сите сфери на воспитно образовниот процес;<br>• Постојано следење на учениците и нивните постигања во согласност со стандардите за формативно оценување;<br>• Навремено, комплетно информирање на учениците и нивните родители за постигнувањата.<br>Слаби страни<br>• Недоволна активност за подигање на еколошката свест кај учениците и околината<br>Приоритети<br>• зголемена активност за подигање на еколошката свест кај учениците и околината преку предавање,меморандуми,дирекна вклученост во проекти сл. |
| Поддршка на учениците | Јаки страни<br>• Во училиштето постои стручна служба, односно психолог и специјален едукатор и рехабилитатор кои работат со учениците со ПОП и учениците кои имаат недостиг од родителска и друг вид грижа<br>• На учениците им се пружа советодавна и стручна помош од страна на наставниците и стручните соработници во однос на професионалната ориентација на учениците<br>Слаби страни<br>• Учениците во училиштето имаат потреба од поголем број стручни предавања за заразни болести, зависности и други прашања, проблеми и дилеми со кои се соочуваат тие<br>Приоритети<br>• Да се организираат стручни предавања за заразни болести, зависности и други прашања, проблеми и дилеми со кои се соочуваат |
| Клима во училиштето | Јаки страни<br>• Почитување на учениците со различни способности и различни пречки во развој;<br>• Зголемен број на учества на натпревари, манифестации ; |

| | |
|---|---|
| | • Вклученост на ученици со различни пречки во развојот во вонучилишни активности и приредби.<br><br>Слаби страни<br>• Процедура за следење и наградување на учениците кои имаат било какви контиунирани постигнувања во својот образовен процес ( континуирано давање признанија не е присутно во сите подрачја на активностите во училиштето вклучувајќи ги и учениците со послаби способности за учење)<br>Приоритети<br>• Изработка на план и континуитет во спроведување на заеднички активности на сите чинители на образовниот процес ( наставници, ученици и родители) за хортикултурно уредување на дворот. |
| Ресурси | Јаки страни<br>• Сите простории во училиштето се свежо молерисани, добро осветлени, соодветно опремени и со хигиена на високо ниво;<br>• Електричната и топлинската инсталација, како и централното греење добро фунционираат и редовно се одржуваат;<br>• Кујната и интернатот се добро опремени и функционални;<br>• Училиштето располага со сигурносна рампа и пристапна патека за лица со физички инвалидитет;<br>• Училишниот двор е ограден;<br>• Училиштето располага со голем број наставни и нагледни средства, има утврдено политика за утврдување на потребата од истите и редовно го зголемува нивниот број;<br>• Сите наставни предмети ги предаваат соодветни наставници, вклучувајќи и физочко образование во прво одделение;<br>• Наставниците и членовите на стручната служба се посветени на својот професионален развој.<br><br>Слаби страни<br>• Училишниот двор хортикултурно не се уредува континуирано;<br>• Не постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост;<br>• Училишната библиотека е сместена во мал простор и книжниот фонд не се води |

| | |
|---|---|
| | електронски;<br>• Недостасува библиотекар<br>Приоритети<br>• Училишниот двор хортикултурно да се уредува континуирано;<br>• Да се приспособи тоалет за ученици со физичка попреченост;<br>• Училишната библиотека да се смести во поголема просторија и книжниот фонд да се води електронски;<br>• Да се издејствува отварање работно место на библиотекар. |
| Раководење, управување и креирање политики | Јаки страни<br>• Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето.<br>• Училишниот одбор е транспарентен во својата работа и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури<br>• Раководниот орган воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница.<br>• Раководниот орган донесува одговорни одлуки и успешно раководи со промените во образовниот систем<br>• Раководниот орган иницира и успешно спроведува позитивни промени во работењето на училиштето<br>• Навремено изготвување и доставување на Годишната програма и Извештајот за работа на училиштето<br>• Тимска работа со вклучување на вработените во процесот на развој на планирање и обезбедување квалитет<br>• Училиштето ги поддржува учениците во различни вон наставни активности;<br>• Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и учениците;<br>• Редовно одржување на инфраструктурата<br>• Работењето на училиштето е засновано на уредна документација согласно законските акти<br><br>Слаби страни<br>• Наставен кадар е недоволно обучен за работа со ученици со посебни потреби; |

| | |
|---|---|
| | • Политика на афирмација на инклузивноста во училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието<br>Приоритети<br>• Оспособување на наставен кадар за работа со ученици со посебни потреби<br>• Подобрување на политиката за афирмација на инклузивноста во училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието |

**4.2.Интегрална евалуација на основното училиште**

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма на училиштето. Мултикултурализмот е застапен во годишната програма и интегрирано во голем број вонннаставни активности.<br>Во училиштето интегрираниот пристап по одделни наставни предмети целосно е застапен во одделенска настава а помалку во предметна.<br>Во содржините од одделенските часови и во содржините на наставните предмети историја, граѓанско образование, биологија, географија..., во добра мера се опфатени теми од областа на раководење, соработкадоговарање, самодоверба, почитување  на различноста и основните човекови права, разрешување на конфлкти како и теми за односите меѓу половите, болестите од ХИВ/СИДА и зависност од дроги. |
| Постигнувања на учениците | Училиштето има систем за идентификација и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето и надарени ученици. За нив тимот преку примена на инструменти врши процена на способноста за учење, изготвува програма за индивидуална поддршка и го следи нивниот напредок.<br>Во последните 3 учебни години учениците учествувале на натпревари на општинско, регионално, државно ниво и постигањата на учениците се солидни.  Освоени се награди, пофалници. Во учебната 2016/2017 година учениците учеcтввале на 1 општински и 3 регионални натпревари и освоиле 2 награди на општински натпревар. Во учебната 2017/2018 година учествувале на 1 општински и 7 регионални натпревари и имаат добиено |

| | |
|---|---|
| | само уверение за учество. Во учебната 2018/2019 година учениците учествувале на 3 општински, 6 региоанални натпревари, 6 државни и 1 меѓународен натпревар и освоиле 1 награда на општински натпревар, 3 на региоанални и 1 награда на државен.<br>Училиштето организира заеднички активности со ученици од мешан етнички состав.<br>Училиштето обезбедува услови за запишување на сите ученици од реонот вклучувајќи и услови за запишување на деца со ПОП. Бројната состојба на учениците во 2016/17 година изнесува 124 ученици распоредени во 9 паралелки, во учебната 2017/2018 изнесува 124 ученици и во учебната 2018.2019 година 122 ученици. Училиштето системски ја следи редовноста на учениците и ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности. Бројот на изостанување од настава во 2016/2017 година во просек по ученик е 20 оправдани и 4 неоправдани изостаноци, во 2017.2018 изнесува 22 оправдани и 2 неоправадани изостаноци, во 2018/2019 е 32 оправдани и 2 неоправдани.<br>Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.<br>Училиштето ги запознава учениците  за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година. |
| Учење и настава | Во училиштето има  пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и од страна на директорот.<br>Најголем број наставници ја планираат редовната настава, а помал број наставници планираат додатна и дополнителна настава, како и воннаставни активности. Имаат подготвени годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишните и тематските процесни планирања ги содржат сите елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата , очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата.<br>Наставниците планираат во рамки на 2 стручни активи. Користат дигитални и е содржини.<br>Распоредот на часови е изработен според наставниот план, имајќи  во предвид за наставниците кои реализират настава во други училишта, број на часови по параллки и изборни предмети, притоа почитувајќи го најдобриот интререс на ученикот. Навреме се изработува распоред за додатна и дополнителна настава како и распоред за ѕвонење.<br>Најголем број на наставници користат разновидни наставни форми  и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.<br>Во училиштето се’ уште се во функција  компјутерите од проектот „Компјутер за секое дете“.Со компјутерска опрема се опремени 9 училници со 85 работни места. Училиштето |

| | |
|---|---|
| | поседува 4 интерактивни табли. Училиштето има систем за следење на ИКТ во настават. Задачите што се работат  се планирани и поврзани со работата за време на часовите. Изборот на задачите и активностите кај мал број наставници се со различна солженост. Поголем број од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи. Интеракцијата наставник ученик е добра. Сите наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка , толеранција, разбирање и доверба.<br>Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна , инклузивна и мотвирачка средина. Училишниот простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурализмот. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места и редовно се менуваат.<br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен.<br>Во училиштето се врши идентификација на образовните потреби на учениците од страна на наставниците, стручните соработници и инклузивниот тим. За учениците идентификувани со ПОП наставниците своите потреби ги прилагодуваат согласно индивидуалните можности и способности на учениците. Наставниците се дополнително едуцирани за работа со ученици со посебно образовни потреби.<br>Училиштето ги прменува сите законски прописи што го регулират оценувањето/<br>Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени. Врз основа на стандардите за оценвање наставниците  изготвуваат критериумите за оценување.Учениците се вклучуваат во оценувањето ( преу самооценување, меѓусебно ценување и градењ екритериуми).  Наставниците не ги оценуваат постигањата на учениците со пречки во развој согласно изготвен ИОП.<br>Наставниците редовно им даваат поврана информација на учениците за нивната работа и постигањата.<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Родителите добиват усни и пишани извештаи. Од родителот се бара да даде повратна информација по извештајот. |
| Поддршка на учениците | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава, истиот е осигуран во А.Д Осигурителна полиса, а учениците во „Винер осигурување“. Училиштето има попишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата  во училишната зграда и во училишниот двор. Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштео.  Училиштето има акт  План за заштита и |

| | |
|---|---|
| | спасување од природни непогоди други несреќи, има изведено интерна симуалација за постапување во случај на елементарна непогода.<br>Во училиштето функционира видео надзор со поставени камери (1 во внатрешен и 5 во надворешен дел на училиштето) согласно со Законот за заштита на личните податоци. Има хидранти и 7 ПП апарати, извршено мерење на громобранова инсталација и инсталиУчилиштето мима ротокал како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) и организирани дежурства од наставници.<br>Училиштето има организирани предавања и активности за заштита на учениците од насилно однесување, од трговија со деца и користење на интернет, Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со процедурите за поднесување на поплаки за насилство.<br>Пристапот во училиштето делумно е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот. Инвентарот во училниците не е соодветен на потребите на учениците и не постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост што ќе биде достапен за нивна потреба.<br>Хигиената во училиштето е добра. Подот, скалите, ходниците и тоалетите за наставници и ученици се чистат секојдневно по трипати во денот. Мебелот, вратите и прозорците двапати во секое полугодие.<br>Во училиштето редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор.<br>Редовно се вршат систематски прегледи на сите вработени во училиштето во соработка со ПЗУ Поликлиника „Превемед“, Скопје. Вработените се осигурани преку А.Д КЈУБИ, РСМакедонија , Скопје.<br>Согласно воспоставените ЕКО стандарди спроведени се точки на акција за здравјето на учениците.<br>За можностите за понатамошното образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации. Професионалното ориентирање се врши од психологот кој изготвува промотивен материјал за мрежата на средни училишта, спроведување тестови за спсобности, интелигенција и мотив за општо постигање на учениците.<br>Училиштето има целосен увид во однос на тоа каде учениците го продолжиле понатамошното образование.<br>Следењето на напредокот на учениците е добро. Во училиштето се води евиденција за постигањата на учениците (оценките), редовноста и поведението за секој ученик поединечно. Податоците од следењето се внесуваат во педагошка евиденција и |

| | |
|---|---|
| | документација од страна на наставниците.<br>За учениците кои имаат потешкотии во одневувањe или други потешкотии кои се рефлектираат на нивното емоционално и ментално здравје се развиваат интервентни програми за секое дете поединечно На овие програми се работи тимски ( наставник, стручна служба, други наставници, родители  соодветни институции. Програмата трае додека не се забележат позитивни ефекти кај детето. |
| Клима во училиштето | Училиштето е препознатливо во локалната заедница, како редовен учесник и носител на настани од култтурно живеење во општина Бутел. Училиштето има сопствева Визија и Мисија јавно истакната и е на добар пат за нивно остварување. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Вработените и учениците со својата работа и однесување придонесуваат за постојана афирмација на училиштето. Училиштето има изготвено свој Кодекс на однесување, кој ги опфаќа сите структури (раководен кадар, стручна служба, наставници, ученици, родители и технички персонал. Истакнатиот Куќен ред на училиштето им овозможува на сите училишни структури вклучувајќи ги и родителите да бидат информирани за правилата на однесување во училиштето. Исто така е онесен и еко кодекс кој е поставен на огласна табла во ходниккот  и во училниците.<br>Училишната клима е добра, кај вработените постои добар професионален однос. Постои взаемна соработка и заедничка работа на наставниците во одделенска и предметна настава. Односите на наставниците и стручната служба се исто така на добро ниво. Раководниот  и наставниот кадар се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање пријатна атмосфера за работа  за време на настава и воннаставните активности. Училиштето соодветно ги применува изработените правилници за: пофалби, награди, педагошки мерки за учениците, комуникацискиот протокол, правилник за користење на училишните спортски објекти,во спортските сали за време на настава. Училиштето има правилник за за користење на ИКТ опремата.<br>Училиштето има формирано училишна заедница избрана на демократски начин која функционира според изготвена Програма за работа на училишната заедница.<br>Вработените ги потикнуваат учениците да учествуваат на сите видови натпревари, конкурси, манифестации, приредби. Учениците учествуваат на конкурс за еко стрип, национален натпревар квиз на пари, безбедност и здравје при работа, спортски натпревари, наградни конкурси во други училишта, сообраќајни квизови, турнири, културни манифестации. Забележителни резултати на овој план се натпреварите од повеќе области на регионални и државни натпревари.<br>Училиштето ги потикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во |

| | |
|---|---|
| | случај на нивно нарушување. Училиштето не организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата. Мал дел од наставниците учествувале во реализација на проекти во кои е вклучено прашањето за прашањето за правата на детето. |
| Ресурси | Постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање на вонннаставни активности за учениците.<br>Училишните згради и ученичкиот дом се од тврда градба на два спрата, има, спортска сала и спортски терени како и дворна површина . Училиштето располага со 9 училници и 1 кабинет по ТО, 1 мултимедијална училница, 1 празна просторија, библиотека, спортска сала, надворешен спортски терен, 5 канцеларии ( за наставници, директор, секретар, стручна служба), простории за помошно-технички персонал и други помошни простории.<br>Интернатот располага со 3 спални соби, една просторија за дневен престој, една занимална, просторија за воспитувач, тоалет со бања и кујна со трпезарија.<br>Опременоста на училиштето со наставни, нагледни средства и други технички помагала е добра и истата има тенденција на подобрување. Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства. Наствниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ги користат во наставата и учењето.<br>Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ.<br>Училишната библиотека располага со 8957 книги од нив поголем дел се лектирни изданија. Евиденција се води во инвентарна книга., а не електронски. На работно место библиотекар е распореден наставник по македонски јазик кој остварува и 16 наставни часа. Просторот е мал и добро уреден, но нема простор за читање. Библиотеката е отворена во текот на целиот училишен ден; не работи библиотекарска секција. Библиотекарот има изработено годишна програма за работа.<br>Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно образовниот процес, вклучувајќи и кадар за работа со деца со ПОП.<br>Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активни и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. Во случај на подолго или пократко отсутство на наставен кадар, училиштето во соработка со основачот, има механизми за брза и соодветна замена.<br>Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на воспитно образовниот процес. Училиштето има процедура за реализација на приправничкиот стаж.<br>Стручната служба на училиштето е составена од психолог и дефектолог и има Програма за работа која е во состав на Годишната програма за работа со училиштето.<br>Стручната служба и наставниот кадар активно се вклучени во реализација на еколошката |

| | |
|---|---|
| | програма, ЕКО проектот.<br>Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби, се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот најмалку два пати во годината.<br>Училиштето има изготвено План за професионален развој на наставниците.<br>Финансиското работење што го спроведува училиштето е во согласност со законските нормативи. |
| Раководење, управување и креирање политики | Училишниот одбор е конституиран во согласност со Законот за основно образование, водејќи сметка за родовата и половата структура. Работата на УО е јасно дефинирана со Деловник за работа.<br>УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес.<br>УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.<br>Училиштето не обезбедува обука за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување.<br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика, тие се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на постигањата на сите ученици. Во креирањетро на целите, начелата и вредностите на училиштето вклучени се вработените, а вклученоста на родителите и учениците делумно задоволува.<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, за насилството во училиштето и семејството, недискриминација, инклузивност, еколошко образование.<br>Целите на развојното планирање се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата , визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување добро се вклучени наставниците, родителите и учениците, а делумно се вклучени преставниците од локалната заедница.<br>Училиштето нема акциски планови за поставените цели кои се усогласени со образовните политики, на централно и локално ниво и самоевалуацијата на училиштето.<br>Училиштето има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и остварување на поставените индикатори за успешност.<br>Училиштето го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето и обезбедува сопствени средства за наменско инвестирање. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата на сите ученици. |

5. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)**

Во изминатите 4 години не се забележани поголеми влијанија врз развојот на локалната средина кои значително би влијаеле врз работата на училиштето.

Единствен проблем со кој се соочуваат помал број на ученици е оддалеченоста на домовите на учениците до училиштето (повеќе од 2 км) и немање на организиран превоз за таа цел. Сите ученици опфатени во училиштето го владеат јазикот на кој се изведува наставата во училиштето (тоа е нивни мајчин јазик). Училиштето има добра соработка со сите училишта од територијата на општината.

**СВОТ АНАЛИЗА**

| **ПРЕДНОСТИ (силни страни) на основното училиште** | **СЛАБОСТИ (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| Училиштето посветува внимание на учениците со ПОП со тоа што се изготвуваат посебни програми, се вклучуваат во воннаставните активности, ограден е училишниот двор со пристапна рампа за ученици со физички хендикеп. Во училиштето постои психолог и дефектолог кои работат со учениците со ПОП и учениците кои имаат недостиг од родителска и друг вид грижа.<br>Во работата на училиштето во изминативе 4 години се забележува зголемување на бројот на учества на натпревари од различни нивоа.<br>Во училиштето постои добра клима на почит и соработка помеѓу сите субјекти: наставници, ученици, родители, стручнните тела и органи.<br>Паралелките во нашето училиште се помали (од 10 до 17 ученици), што е многу важен предуслов за континуирано | Наставните средства и технички помагала во целост не ги задоволуваат потребите за реализација на наставата и покрај тоа што секоја година се обновуваат според можностите.<br>Во училиштето нема услови за кабинетска настава, нема библиотекар за уредно и електронско водење на книжниот фонд по лектирни изданија и наслови.<br>Инвентарот во тоалетите не е соодветен на потребите за учениците со физичка попреченост што ќе биде достапен за нивна употреба.<br>Советот на родители и Локалната власт недоволно се ангажираат за изнаоѓање на финансиски средства потребни за покривање на трошоците за учество во натпревари и воннаставни активности.<br>Училиштето реализира мал број на активност за подигање на еколошката свест кај учениците и околината. Нема план и |

| | |
|---|---|
| следење на работата на секој ученик поединечно и паралелката во целост за да се постигне крајната цел. Тоа овозможува да му се даде шанса на секој ученик кој бара дополнително внимание и време.<br>Осипувањето на учениците е незначително и воглавно се должи на префрлање во друга образовна институција поблиску до местото на живеење. Образовниот процес го завршуваат 98-99% од запишаните ученици.<br>Наставниците изработуваат квалитетни планирања кои се следат од училиштето. Востановено е континуирано следење на постигањата на учениците во согласност со стандардите за формативно оценување. Навремено се информираат учениците и родители за постигнувањата.<br>Просториите во училиштето се молерисани, осветлени, соодветно опремени и со хигиена на високо ниво, а централното греење фунционира и редовно се одржува.<br>Училиштето има утврдено политика за утврдување на потребата од истите и редовно го зголемува нивниот број. Наставните предмети ги предаваат соодветни наставници.<br>Училишниот одбор е транспарентен во својата работа.<br>Раководниот орган донесува одговорни одлуки и успешно раководи со промените во образовниот систем, иницира и успешно спроведува позитивни промени во работењето на училиштето.<br>Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и учениците. | континуитет во спроведување на заеднички активности на сите чинители на образовниот процес (наставници, ученици и родители) за хортикултурно уредување на дворот.<br>Учениците во училиштето имаат потреба од поголем број стручни предавања за заразни болести, зависности и други прашања, проблеми и дилеми со кои се соочуваат тие<br>Училиштето нема пишана процедура за следење и наградување на учениците кои имаат било какви контиунирани постигнувања во својот образовен процес ( континуирано давање признанија не е присутно во сите подрачја на активностите во училиштето вклучувајќи ги и учениците со послаби способности за учење).<br>Училиштето има делумна афирмација на инклузивноста и слаба меѓуетничката интеграција во образованието. |
| **МОЖНОСТИ (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **ЗАКАНИ, ПРЕЧКИ (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| Основното образование овозможува најдобар интерес и целосен развој на секој ученик според своите можности - еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност.<br>Обезбедување квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата на учениците и подготвување на | Недостиг на дневен и целодневен престој во училиштето.<br>Намалување на бројот на ученици во паралелките поради намален наталитет кај населението во општината и отселување.<br>Закана од непосредната околина - негативно влијание врз |

| | |
|---|---|
| ученикот за доживотно учење.<br>Учества на натпревари од различни нивоа.<br>Континуирано следење и дополнително внимание и време на работата на секој ученик поединечно ( мал број на ученици во паралелка).<br>Унапредување на сличностите и прифаќање на различностите.<br>Грижа за физичка безбедност и здравје на учениците.<br>Автономност, компетентност, одговорност и партнерство помеѓу училиштето, родителите, односно старателите и единиците на локалната самоуправа. | учениците од пороците на денешницата. Негативните трендови во врска со занемарување на традиционалното наследство. Појава на насилничко однесување кај дел од учениците - Фрлање на ѓубре и смет од страна на други физички лица од соседството во училишниот двор. Физичко оштетување на училишниот имот. Немање на млечен ресторан и сендвичара во близина на училиштето.<br><br>Неможност и недоволен број на ученици кои живеат на повеќе од два километри одддалеченост од училиштето. |

**6. Мисија и визија на основното училиште**

***<u>Мисија на училиштето</u>***

***<u>Заедно учиме полесно, побрзо и поквалитетно и имаме заеднички интереси“</u>***

Изјава на мисијата:
„Реализираме квалитетно образование според интересите и потребите на учениците, без оглед на пол и етничка припадност“

***<u>Визија на училиштето:</u>***

***<u>„За сите ученици училиштето ќе биде дом во кој се почитува и негува различноста зошто сите деца се различни, со свои интереси и погледи кон животот но, пред сé се деца кои знаат само за љубов, дружење и игра“</u>***

Изјава за визијата:
Училиштето е безбедна и инспиративна работна средина во која се реализира енаставата по мерка на ученикот, со почитување на неговите способности, интереси, пол, етничка припадност, социјално потекло...

**7.Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период**

| **Приоритетно подрачје** | **Ресурси и НПП** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1**<br>***Сместување и просторни капацитети и обезбедување на потребниот кадар***<br>*Оспособување на просторија за библиотека со комплетно електронско водење на библиотечен фонд и вработен стручен соработник (библиотекар)*<br><br>**Развојна цел 1.1**<br>*Создавање на комплетно опремен, уреден и оспособен (со материјални ресурси) простор за библиотека*<br><br>**Развојна цел 1.2**<br>*Создавање на комплетно оспособен (со човечки ресурси) простор за библиотека* | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1**<br><br>**Обезбедување на просторен капацитет и соодветен мебел во просторот** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| - Обезбедување на информации за правилно изведување на просторно преуредување во веќе постоечката библиотека<br>- Преуредување на постоечните простории<br>- Обезбедување на | -Обезбеден просторен капацитет за библиотека<br>- Обезбеден мебел за библиотека | Директор<br>Локална самоуправа<br><br>Технички персонал | 2020-2022 | Хартија<br>Пенкала<br>Компјутер<br>Принтер<br>Фотокопир<br>Сите потребни материјали и алат за работа | ***Мирјана Димоска,***<br><br>***Светлана Малегановска*** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| простор за читална и библиотекарот<br>- Поправка на веќе постоечкиот инвентар<br>- Набавка на нов инвентар за книги<br>- Набавка на нов инвентар за библиотекар и читална | | | | | |
| **Конкретна цел 1.2.1**<br><br>**Вработување на стручен соработник (библиотекар) и обезбедување на уред за електронско водење на библиотечен фонд** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| - Обезбедување на персонален компјутер и софтвер за електронско водење<br>- Програма за работа на стручен соработник (библиотекар)<br>- Барање за стручен соработник (библиотекар) во општина<br>- Оспособување за работа на стручен соработник (библиотекар) | -Обезбеден електронски уред<br>-Електронско водење на фондот на книги<br>- Успешно функционирање на библиотеката<br>- Усогласување на функцијата на библиотеката со потребите на учениците | Директор<br>Локална самоуправа<br><br>Технички персонал<br><br>Наставник-библиотекар | 2020-2022 | Хартија<br>Пенкала<br>Компјутер<br>Принтер<br>Фотокопир<br>Сите потребни материјали и алат за работа | ***Мирјана Димоска,***<br><br>***Светлана Малегановска*** |

| Приоритетно подрачје | Настава и учење | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1**<br><br>***Искуства на учениците од учењето***<br>*Подигнување на еколошката свест кај учениците и околината*<br><br>**Развојна цел 1.1**<br>*Зголемување на активностите во подобрување на еколошката свест кај учениците и околината*<br>**Развојна цел 1.2**<br>*Интеграција на ЕКО-проектот* | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1**<br><br>**Подигање на свеста за рециклирање и одржување на хигиената во просторот и хортикулурно уредување на училишниот двор** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| - Организирање на предаања за важноста од рециклирање на различни материјали<br>-Организирање на акции за собирање (рециклирање) на различни материјали<br>-Подигнување на свеста за одржување на | - Поголема свестност за природата и екологијата<br>- Хортикултурно уреден двор<br>- Свест за одржување на изгледот на училиштето кај учениците и сите | Стручни соработници<br><br>Наставници<br><br>Директор<br><br>Техничка служба<br>ЕКО тим | 2020-2024 | Хартија<br>Пенкала<br>Компјутер<br>Принтер<br>Фотокопир<br>Сите потребни материјали и алат за работа | ***Билјана Маневска***<br><br><br>***Светлана М. Костенцовска*** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| хигиената на сите субјекти во училиштето, училишните згради, училишниот двор и тоалетите<br>-Континуирано засадување на зелена површина и цвеќиња и негово редовно одржување<br>-формирање на училишен тим за одржување на хортикултурното уредување | други субјекти | | | | |
| **Конкретна цел 1.2.1**<br><br>**Интеграција на ЕКО проектот во наставата и освојување на залено знаме** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| - Учество и организирање на еколошки акции<br>- Изработка на еко пароли<br>- Изработка на план и програма од страна на наставниците<br>- Создавањев на ЕКО тим на ниво на училиште-наставници, родители, | -Информираност на учениците<br><br>-Пракса<br><br>- Подобре квалите на работа на училиштето-грижење | Ученици<br><br>Наставници<br><br>ЕКО тим<br>Родители | 2020-2022 | Хартија<br>Пенкала<br>Компјутер<br>Принтер<br>Фотокопир<br>Сите потребни материјали и алат за работа | ***Биљана Маневска***<br><br>***Светлана М. Костенцовска*** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ученици и локалната самоуправа<br>- Аплицирање за освојување на знаме<br>- Запознавање на учениците и околината зсо резултатите околу активностите преку училишната веб страна | за екологијата | | | | |

| **Приоритетно подрачје** | **Поддршка на учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1**<br><br>***Севкупна грижа на учениците***<br>*Зголемување на бројот на стручните предавања, трибини и работилници за учениците*<br><br>**Развојна цел 1.1**<br>*Зголемување на бројот на стручните предавања од страна на надворешни лица и институции*<br>**Развојна цел 1.2**<br>*Зголемување на бројот на стручните предавања во склоп на училиштето* | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1**<br>**Соработка со надворешни институции** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Испитување на мислењето за потребните предавања преку анкети кај учениците и родителите<br>-План за стручни предавање на почетокот на учебната година<br>-Контактирање со соодветни институции и НВО<br>- Да се испита ефектот од предавањата преку анкети и разговори | -Поголема информираност на учениците | Директор<br>Институции<br>НВО | 2021-2023 | Хартија<br>Пенкала<br>Компјутер<br>Принтер<br>Фотокопир<br>Скенер | ***Игор Бошковски***<br><br>***Иванка Т. Милошевска*** |
| **Конкретна цел 1.2.1**<br>**Оспособување, надградување и споделување на стручни предавања од страна на училишните субјекти** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| - План за стручни предавање на почетокот на учебната година<br>- Организирање на работилници со родители и ученици<br>- Да се испита ефектот од предавањата преку анкети и разговори | Поголема информираност на учениците | Стручни соработници<br><br>Наставници<br><br>Директор | 2021-2023 | Хартија<br>Пенкала<br>Компјутер<br>Принтер<br>Фотокопир<br>Сите потребни материјали и алат за работа | ***Игор Бошковски***<br><br>***Иванка Т. Милошевска*** |

<table>
<tr><td colspan="2">Приоритетно подрачје</td><td colspan="4">Училишна клима и односи во училиштето ЕТОС</td></tr>
<tr><td colspan="6">Стратешка цел 1<br><br>Промовирања на постигнувањата<br>Процедура за следење и наградување на учениците кои имаат континуирани постигнувања во својот образовен процес<br><br>Развојна цел 1.1<br>Следење на континуираните постигнувања на учениците во ВОП</td></tr>
<tr><td colspan="6">Конкретна цел 1.1.1<br>Изработка и имплементација на Процедура</td></tr>
<tr><td>Активности</td><td>Индикатори за успех</td><td>Носители на активностите</td><td>Временска рамка за имплементација</td><td>Потребни ресурси</td><td>Тим за следење на реализацијата на активностите</td></tr>
<tr><td>-Формирање на тим за изработка<br>-Собирање на потребна документација<br>-Водење евиденција на одделенските наставници и раководители за успехот на учениците<br>-Соработка со стручните соработници<br>-Изработка, презентирање и усвојување на Процедурата на</td><td>Успешно промовирање на учениците со континуиран успех</td><td>Стручни соработници<br><br>Наставници<br><br>Директор</td><td>2021-2024</td><td>Хартија<br>Пенкала<br>Компјутер<br>Принтер<br>Фотокопир<br>Сите потребни материјали и алат за работа</td><td>Санела Тренова,<br><br>Луиза Велкоска</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставнички совет<br>-Одржување на квалитетот преку следење на спроведувањето на Процедурата<br>-Доставување на извештаи на полугодие и на крај на наставната година | | | | | |

| **Приоритетно подрачје** | **Управување, раководење и креирање политика** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1**<br><br>***Цели и креирање на училишната политика***<br>*Подобрување на афирмацијата на инклузивноста и меѓуетничката инеграција во образованието.*<br><br>**Развојна цел 1.1**<br>*Унапредување на инклузивноста*<br><br>**Развојна цел 1.2**<br>*Унапредување на меѓуетничката интеграција* | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1**<br>**Зголемени активности за афирмација на инклузивноста** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **активностите** |
| -Стручни предавања на Училишниот инклузивен тим (УИТ)<br>-Спроведување на Процедурата за изработка на ИОП<br>- Зголемено учество на родителите во работата на УИТ<br>- Обуки на наставниот кадар за работа со ученици со ПОП<br>- Обуки на управниот и раководниот орган за инклузивноста<br>- Зголемување на учеството на учениците со ПОП во вонанаставни активности | Инклузивност во секој дел на работењето на училиштето и околината | Директор<br>Членовите на Училишен инклузивен тим<br>Совет на родители | 2020-2024 | Хартија<br>Пенкала<br>Компјутер<br>Принтер<br>Фотокопир<br>Скенер | ***Анета Стојкова,***<br><br>***Ивана Крстиќ*** |
| **Конкретна цел 1.2.1**<br>**Зголемени активности за афирмација на меѓуетничката интеграција во образованието** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Обука на Тимот за меѓуетничка интеграција<br>- Обезбедување на партнер училиште<br>- Организирање на активности-часови МИО со партнер училиштето на почетокот на учебната година<br>- Извештај за активности на МИО во текот на годината-полугодие, крај на година | Инклузивност во секој дел на работењето на училиштето и околината | Директор<br>Членовите на СИТ<br>Совет на родители | 2020-2024 | Хартија<br>Пенкала<br>Компјутер<br>Принтер<br>Фотокопир<br>Сите потребни материјали и алат за работа | ***Анета Стојкова,***<br><br>***Ивана Крстиќ*** |

## 8.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Соработката со родителите се реализира преку организирани групни родителски средби и индивидуални средби. Средбите со родителите се од големо значење за успехот и поведението на ученикот и општо за работата на училиштето.

Соработката со родителите се организира поради:

- запознавање со начинот на кој ќе бидат згрижени учениците;
- запознавање со успехот на ученикот во реализирањето на планираните активности;
- консултирање за заедничко помагање кај пооделни проблеми;
- запознавање со степенот на социјализација на ученикот во училишната средина;
- добивање повратни информации од родителот за некои специфични особини во личноста на ученикот за поуспешна комуникација со него;
- запознавање со некои други специфични карактеристики (пр.Здравствени или семејни);
- запознавање со одредени специфики кон кои ученикот е склон заради нивното продлабочување;
- запознавање и вклучување на родителите во активности, работилници, акции и проекти на училиштето.

## 9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

- Соработка со локалната заедница ќе се остварува преку повеќе форми на работа, електронски, усно и ќе пристапиме кон реализација на активности, кои истата ќе ги понуди.
- Соработка со Полициска станица, преку проект за правна социјализација и правна едукација на учениците.
- Соработка со месно население во еколошки проекти на училиштето и Општината. Учество во хуманитарни акции и концерти.

**Институции од областа на културата**

- Според планот и годишната програма училиштето ги следи сите објавени конкурси и покани за натпревари и истите се доставуваат до одговорните наставници, кои ќе ги спроведат преку учество на учениците
- Литературните и ликовните конкурси, посетата на културно- историски споменици, музеи, библиотеки и ликовни колонии ќе бидат посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенскиот наставник.
- Кино и театарски претстави ќе бидат посетени, исто така според потребите на наставата, со избор на кино или театарска претстава од страна на одговорните наставници, соодветно на возраста на учениците.

**Институции од областа на образованието**
Континуирано ќе се одвива соработка со:

- МОН, БРО, ДПИ, - Сектор за основно образование и Секторот за основно образование како дел од општината заради непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето и сл.
- Основните училишта од општината и пошироко заради размена на информации, искуства и заемна помош во работата.
- Средните училишта од општината и пошироко, особено каде што има запишано наши ученици, заради следење на учениците кои учеле во нашето училиште, потврда за запишување, одредени проблеми кај некои ученици и сл.
- Факултети заради стручно усовршување на наставниот кадар, советувања, организирање натпревари и семинари.
- Инспекторат за основно образование, заради утврдување на правилноста во работењето.

**Невладини организации**

- Македонски центар за граѓанско образование
- Црвен крст
- Usaid
- ЗРДИЦМ и др.

**Спортски друштва**

Спортувањето е од голема важност на учениците за правилен развој и раст. Исто така има и позитивна улога за борба против пороците. Од таа причина училиштето ќе оствари соработка со повеќе спортски друштва за кои ќе имаат интерес учениците.

**Здравствени организации**

Како и досега, училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците.

**Медиуми (со цел на промоција на училиштето)**

Во соработка со медиумите ќе се промовира училиштето во сите сегменти од неговото работење.

**10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште**

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Наставни планови и програми** | -Зписници од оддржани родителски совети на училиштето<br>-Записници од наставнички соввети и активите<br>-Записници од работата на слободните ученички активности<br>-Записници од училишен инклузивен тим<br>-Анкети од настаници, ученици и родители.<br>2020-2022 | Мирјана Димовска, Светлана Малегановска | Директор |
| **Настава и учење** | -Записници од состаноците на стручните активи<br>-Записници од одделенски актив<br>- Анкети од настаници, ученици и родители<br>-Извештаи на ученичката заедница<br>-Користење на информации од оценувањето во настават<br>-Набљудувања од практични часови<br>2020-2022 | Билјана Маневска, Светлана М.Костенцовска | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници |
| **Училишна клима и односи во училиштето ЕТОС** | - Годишен извештај за работата и постигнувањата<br>-Одделенски дневници од I до IX одд<br>-Записничка книга од Наставнички совет<br>-Правилник за изрекување педагоши мерки<br>-Записници од одржани состаноци на Совет на родители | Санела Тренова<br>Луиза Велкоска | Директор<br>Натавници<br>Стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Записници од одржани седници на Училишен одбор;<br>-Записници во одделенски дневници од родителски состаноци<br>-Фотографии од манифестации и базар<br>-Анкети со наставници,ученици и родители<br>-Интервју со директор<br>2020-2024 | | |
| **Поддршка на учениците** | - Дневници<br>- Записници од наставнички и одделенски совети, како и од родителски средби<br>- Извештаи за систематски прегледи<br>-Анкети со наставници,ученици и родители<br>-Интервју со директор<br>2021-2023 | Игор Бошковски<br>Иванка Т.Милошевска | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници |
| **Управување, раководење и креирање политика** | -Записнички тетратки од Училишен одбор<br>-Анкетни прашалници со ученици наставници и родители<br>-Годишна и развојна програма за работата на училиштето<br>-Записници од училишен инклузивен тим<br>-Интервју со директор<br>2020-2024 | Анета Стојкова<br>Ивана Крстиќ | Директор<br>Членови на училишен инклузивен тим |

## 11. Евалуација на развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата ќе се врши во текот на целиот развоен период во сите сегменти на планирањето како и неговата реализација. Тоа ќе се врши преку квалитативни и квантитативни техники и истражувачки постапки -тестирање на стекнати знаења и вештини кај учениците - интервју со наставници, ученици родители и други субјекти - анкета со наставници , ученици и родители -подредување на мислење на учениците, наставниците и другите соработници за одредување на потребите на училиштето - набљудување на условите за работа, активностите на учениците, мотивација на наставниците и учениците при реализација на предвидените содржини. Инструменти кои ќе се користат се: тестови на знаења, скали на проценка, потсетник за водење интервју и протокол за набљудување. Евалуацијата ќе биде наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, локалната заедница, МОН, БРО и други институции. Стекнатите резултати и добиената оценка од евалуацијата ќе покаже колку е остварена мисијата и постигната визијата на нашето училиште. Евалуацијата ќе ја врши тимот задолжен за развојниот план, наставници, ученици, Совет на родители, Училишен одбор и други субјекти во локалната заедница. Носители на проверката ќе бидат наставници, психолог, директор, библиотекар и советници од БРО, а како инструмент ќе бидат доказните матријали и самите дела кои ќе се реализираат.

## 12.Заклучок

Развојната програма на училиштето е документ за работа на основното училиште. Таа претставува стратешки план за развој кој ги содржи приоритетите за остварување на дејноста на училиштето. Во неа се опфатени стратешките цели за работа на училиштето во наредниот четиригодишен период. Целта на развојното планирање е во насока на подобрување на условите за образование и квалитетот на наставата. Реализацијата на воспитно-образовната дејност во основното образование е сложен процес врз кој суштинско влијание имаат повеќе чинители: наставниците, учениците, вработените во стручната служба, родителите, потесното и поширокото опкружување.

Денес кога живееме во услови на интензивни и динамични општествени промени, повеќе од било кога порано се нагласува потребата од квалитетно планирање во училиштата.

Развојната програма на ООУ „Гоце Делчев“- Бутел е во насока кон систематизирање на сите стратешки определби на дејствување на училиштето во наредниот четиригодишен период и е интегрален дел од Годишните програми и Развојното планирање за работа на директорот.

Во текот на учебната 2019/20 е реализирана самоевалвација на училиштето за проценка на квалитетот на работата во сите подрачја на делување, а во месец септември/октомври 2019/20 е реализирана интегрална евалвација на училиштето од страна на Државниот просветен инспекторат. Анализата на добиените резултати и препораките од интегралната евалвација се основа за формирање на приоритетите на

училиштето, конструкцијата на акциониот план кој ги содржи сите потребни елементи во насока на надминување на утврдените слабости. Реализацијата на сите поставени цели и задачи ќе биде во согласност со Законските нормативи и Статутот на училиштето за успешна реализација на планирањата. Во програмата се содржани поставени задачи, форми, методи и рокови за успешна реалзација на целите, како и начини за смедење, анализирање и проучувње на одредени проблеми кои ќе се појават во текот на работењето.

Треба да се има во предвид дека развојното планирање е континуиран творечки процес кој се однесува на постојано истражување и препознавање на реалните потреби на училиштето, како и во осмислување на начини како тие потреби да се задоволат. Во развојното планирање ООУ „Гоце Делчев"е во улога на иницијатор и реализатор на сопствените промени. Развојот на училиштето се одвива на релација помеѓу сегашната состојба и проекцијата на посакуваните идеали. Развојниот план не е конечен и како таков, постојано е подлежен на мониторинг и по воочена потреба тој може да се доработува и преработува.

## 13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното Училиште

Силвана Терзиева-директор

Луиза Велковска-одделенски наставник

Светлана М. Костенцовска- одделенски наставник

Бојана Н. Радосавлевиќ-предметен наставник

Елена Наумовска-предметен наставник

Анета Стојкова-психолог

Ивана Крстиќ-специјален едукатор и рехабилитатор

## 14. Користена литература


1. Самоевалуација на ООУ Гоце Делчев, с.Љубанци за периодот од 2018-2020

2.Годишен извештај за работата и постигнувањата на ООУ Гоце Делчев, с.Љубанци, јуни,2019

3.Извештај од извршена интегрална евалуацоја во ООУ Гоце Делчев, с.Љубанци,општина Бутел, септември, 2019 година

4.Годишна програма за работа на ООУ Гоце Делчев, с.Љубанци за учебната 2020/21 година.

5.Закон за основно образование

| | | |
|---|---|---|
| **Датум** | | **Директор** |
| ________________ | **М.П.** | ________________________________ |
| **Место** | | **Претседател на УО** |
| ________________ | | ________________________________ |